Предлог

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 17-а став 4 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), член 22 став 2 и 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06,03/09,18/10,15/14,15/18, 06/19 и 08/21) и член 108 и 109 од Деловникот на Советот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/07, 3/09, 18/10 и 1/21), на предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на 60-тата седница одржана на ден _.01.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандат на член во**
**Комисија за селекција за избор на членови**
**во управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес**

1. Со ова Решение се констатира престанок на мандат на член во Комисијата за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес:

   - Сања Карабатова Игновска.

2. Ова Решение влегува со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Согласно член 17-а став 4 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24): „За избор на членови во управниот одбор на јавното претпријатие основано од општината и Градот Скопје, на предлог на градоначалникот на општината односно градоначалникот на Градот Скопје, Советот на општината, односно Советот на Градот Скопје, формира Комисија за селекција составена од: претседател и негов заменик, од редот на вработените во општината, односно во Градот Скопје, еден член и негов заменик, вработени во организациона единица за управување со човечки ресурси во општината, односно во Градот Скопје, од која е основано јавното претпријатие и еден член и негов заменик, вработени во јавното претпријатие за кое е објавен повик за пројавување интерес за пријавување на кандидатите“.

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 26.04.2023 година, донесе Решение за формирање Комисија за селекција за избор на членови во управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес со бр.25-2123/22 од 27.04.2023 година со кое се именува Сања Карабатова Игновска, член, вработена во Одделение за управување со човечки ресурси во Општина Велес.

Од причина што Сања Карабатова Игновска е распоредена во друга организациона единица на Општината, се предлага ова Решение до Советот.